Поддршка на професионалното новинарство од 1946 година

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Здружението на новинарите на Македонија - ЗНМ за 2022 година

Скопје, декември 2022 година

МИСИЈА И ВИЗИЈА

Нашата МИСИЈА

ЗНМ е водечка национална организација која ги обединува новинарите во РСМ за заштита на слободата на говорот, независноста на медиумите, преку залагање за почитување на највисоките европски стандарди за работа на медиумите и на новинарите. Се стреми кон зголемување на новинарската солидарност и заедништво, како и кон подигање на професионалното ниво и етичките норми на новинарите во РСМ.

Нашата ВИЗИЈА

Новинарите во РСМ работат во медиуми каде се обезбедени основните права и слободи, гарантирани се професионалните и материјалните услови за работа, постои висока солидарност меѓу нив во случаи на прекршување на слободата на изразување и се потврдени професионалните стандарди, етика и интегритетот на новинарската професија.

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Здружението на новинарите на Македонија – ЗНМ изминативе години се соочи со предизвикот да функционира во услови на пандемија и здравствена криза, економска криза и политички превирања. Потребно беше многу ентузијазам и енергија да се работи во ваква состојба со бројни секојдневни предизвици, кои бараат прилагодувања и иновативност за да се излезе во пресрет на потребите и неретко итните барања на членството, новинарите и медиумските работници.

ЗНМ изминатава година реализираше голем број на средби, дебати, обуки, изложби, летен камп но и други настани во Скопје и во повеќе други градови во земјата со вклученост од повеќе од 3**00** новинари и медиумски работници. Бројни средби беа реализирани како дел од редовните активности кои ЗНМ ги спроведува согласно стратешка цел, а со фокус на поголема активност на работењето на своите секции: Секцијата на спортски новинари, Секцијата на фоторепортери, а како најактивна е Секцијата на снимателите. Во текот на 2022 реализираа и неколку регионални средби на кои меѓусебно се договорија за подобро и солидарно функционирање. Позитивна работа која што е важна на долг рок е формирањето на Секција на млади новинари во рамките на ЗНМ. Членовите на оваа секција веќе активно работат на својот стратешки план за дејствување во иднина. Регионалните центри на ЗНМ и пред се новинарите во овие центри играа значајна улога во одржување на солидарноста на во фелата, во време кога локалните и регионални медиуми имаат сериозни проблеми во функционирањето.

Солидарноста меѓу новинарите, снимателите и медиумските работници на ниво на целата држава, како никогаш досега е на високо ниво, ЗНМ денес брои околу 1000 членови, што е најголем број на активни и времени членови, било кога од постоењето на оваа организација. За тоа придонесоа нашите заеднички напори, на членовите на ЗНМ и на органите на ЗНМ, Управниот одбор, Надзорниот одбор, Советот на честа и Регионалните центри ширум земјата. Принципиелноста во одлуките, настојувањата да се одговори на секое барање и секој член, активната работа на органите и секциите придонесоа за кревање на стандардите во работата на ЗНМ.

Во изминатите неколку години во земјава, сведоци сме дека ситуацијата со слободата на медиумите е ранлива. Постојаните инсистирања на власта за враќање на некои стари решенија во делот на финансирањето на државните кампањи, не одат рака под рака со нашите напори за зголемување на слободата на медиумите. Затоа ЗНМ инсистира на создавање на независен национален фонд за медиумски и новинарски продукти што ќе влијае на зголемување на квалитетот во новинарската професија, а во исто време ќе овозможи вистински да се плати трудот на новинарите.

ЗНМ иницираше и презеде активна улога во рамките на МАНУ за ревидирање на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Како резултат на ангажманот и активниот придонес на ЗНМ, потенцијалните казни за новинарите беа петкратно намалени со новиот предлог. Усвојувањето на овие измени од страна на Собранието во текот на ноември 2022 е добар исчекор.

Безбедноста на новинарите и спроведувањето на постојното национално законодавство поврзано со медиумите беше една од клучните теми на кои работевме и конечно ги гледаме резултатите, предлог законот со кој напад врз новинар ќе се смета како напад врз службено лице е пред усвојување во собранието.

ЗНМ презеде активна улога во консултативниот процес со Министерството за правда за изнаоѓање решенија за институционална заштита на новинарите и медиумските работници, преку воведување одредби во Кривичниот законик со кои ќе се гарантира безбедноста на новинарите и медиумските работници при вршењето на нивната работа. Како резултат на упорните барања на ЗНМ но и на новинарскиот синдикат (ССНМ), Владата на Северна Македонија ги прифати предложените измени на Кривичниот законик, кои се во согласност со препораките на Советот на Европа, со цел да се воспостави поефикасен систем за заштита на новинарите, притоа обесхрабрувајќи потенцијални напаѓачи во иднина. Во пракса тоа значи дека новиот Кривичен законик ќе обезбеди подобра заштита на новинарите во случаи на закани и напади при извршувањето на нивните професионални обврски, односно нападот врз новинарите да се третира како напад врз службено лице и да изврши кривично гонење по службена должност, наместо на новинарот кој треба да поднесе приватна тужба. Законот веќе ја мина првата фаза во собранието и се очекува да биде изгласан во следниот месец.

Позитивен пример кој сакаме да го потенцираме како успех на ЗНМ во насока на долгогодишните барања и инсистирања за формирање на посебно одделение во ОЈО, во октомври 2022 година, основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје назначи обвинителка од истата институција како лице за контакт во врска со предметите поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на ОЈО Скопје. Оваа обвинителка има надлежност да го следи постапувањето во предметите во кои во својство на оштетени, сведоци или пријавени лица се јавуваат новинари кои ги извршувале своите работни задачи. Во одлуката се вели дека ОЈО Скопје и останатите јавни обвинителства ќе даваат приоритет во постапувањето по предметите поврзани со безбедноста на новинарите и ќе продолжат во оваа насока да ја унапредуваат соработката со новинарските здруженија, со цел да се санкционира секое кривично-правно загрозување на слободата на изразување.

Процентот на целосно расчистени случаи на напади врз новинари е сеуште многу мал, што е многу загрижувачко во однос на неказнивоста на сторителите. Помеѓу 5 и 10 отсто од регистрираните случаи на прекршување на правата на новинарите во регистарот за напади на ЗНМ во последните пет години се соочуваат со судска пресуда. Со усвојувањето на новиот закон очекувања се дека ова значително ќе се смени.

Резултатите од нашите активности во 2022 година можат да се опишат како значајни и со конкретни ефекти и водат кон остварување на целите на ЗНМ. Но, предизвиците во однос на слободата на медиумите и дополнително зголемување на квалитетот и професионализацијата на редакциите остануваат наш императив, со паралелна работа низ регионалните центри, како еден од приоритетите за во наредниот период

Младен Чадиковски
Претседател на Здружението на новинарите на Македонија – ЗНМ

Декември 2022 година, Скопје

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ЗНМ

Општата цел и задача на ЗНМ е дејствување низ сите допуштени облици во насока на унапредување на општествениот и правниот амбиент за развој и постоење на новинарството и новинарската професија. Посебни цели и задачи на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) се:

- Бранење на слободата на медиумите;
- Дејствување против злоупотреба на медиумите, против создавање монополи и какви било форми на цензура;
- Заштита на новинарите од злоупотреба од сопствениците на медиумите;
- Заштита на угледот и достоинството на новинарите и новинарската професија;
- Заштита и поттикнување на слободата на критичкиот и креативниот дух;
- Унапредување на професионалните и етичките стандарди;
- Унапредување на социјалниот и материјалниот статус на новинарите;
- Застапување на членовите и нивно претставување пред општествената заедница, активно учество при подготовка на законските прописи и меѓународните настани од интерес на професијата и при одбраната на професионалниот интерес во согласност со Кодексот на новинарите на Македонија;
- Обезбедување на правна помош на членовите на Здружението на новинарите на Македонија

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) е невладина, непартиска и непрофитна организација базирана на членство којашто е основана во 1946 година со цел да ги заштитува и промовира професионалните стандарди во новинарството и слободата на изразување. Со околу 1000 активни членови и шест регионални центри ширум земјата, ЗНМ е едно од најголемите и најистакнатите здруженија на новинари во регионот. ЗНМ ги обединува новинарите и медиумските работници со цел заштита и нега на професионалните стандарди и слободата на изразување. ЗНМ ја зајакнува улогата на новинарите преку обезбедување едукација за нивните права и професионални стандарди, како и преку обезбедување бесплатна правна помош на оние чиишто права се повредени. ЗНМ промовира етичко известување и стандарди од јавен интерес и ги поддржува јавните дебати за правата на новинарите и слободата на медиумите. Здружението е силен чувар на и поборник за слободата на изразување и правата на новинарите на национално и регионално ниво.

Мисијата се остварува со спроведување на клучни активности, коишто вклучуваат:

- Мониторинг и известување за повреди на правата на новинарите и слободите на медиумите
- Информативна јавна дебата за правата на новинарите и слободите на медиумите
- Промовирање на етичките стандарди и новинарството од јавен интерес
- Едукација на новинарите за нивните права и механизмите преку кои тие се остваруваат
- Обезбедување современи стручни обуки за новинарите
- Обезбедување бесплатна правна помош и поддршка на новинарите чиишто права се повредени

- Спроведување на правна анализа и анализа на политиките
- Изготвување на препораки за подобрување на правната и институционалната рамка
- Залагање за правни и институционални промени насочени кон националните и меѓународните засегнати страни
- Мониторинг на усогласеноста на релевантното законодавство во однос на меѓународните стандарди
- Мобилизирање на важни чинители од медиумската заедница со цел нивно вклучување во заштитата и промовирањето на етичкото новинарство и слободата на изразување

ЦЕЛНИ ГРУПИ И ОБЛАСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ:

Новинари (со фокус на младите новинари) – ЗНМ ја зајакнува улогата на новинарите преку обезбедување едукација, поддршка и правна помош

Медиумски работници со посебен фокус на фоторепортерите и снимателите – ЗНМ ја зајакнува улогата на медиумските работници преку обезбедување едукација и правна помош

Медиуми – ЗНМ промовира етичко известување и известување од јавен интерес и отвора дебата за добивање на повисок степен на професионален интегритет и уредувачка независност во редакциите

Национални носители на одлуки – ЗНМ влијае врз носителите на одлуки преку обезбедување на податоци засновани на докази за повредите на правата на новинарите и медиумските слободи, притоа предизвикувајќи правни и институционални промени

Државни институции – ЗНМ ја следи усогласеноста на меѓународните стандарди во работата на релевантните институции со правната рамка и меѓународните стандарди, притоа отворено критикувајќи ја истата, но иста така и нудејќи поддршка преку дијалог и едукација

Организации за поддршка на медиумите – како што се Советот за етика и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници

Регионални здруженија на новинари – ЗНМ и регионалните здруженија на новинари ги здружуваат силите за да ја прошират дебатата за политиките и да ги унапредат правата на новинарите и слободата на изразување

Меѓународни медиумски организации – ЗНМ обезбедува информации за правата на новинарите и слободата на изразување и користи меѓународни механизми за известување за повредите на правата

Меѓународни носители на одлуки – ЗНМ ги информира релевантните меѓународни чинители за спроведувањето на меѓународните стандарди за заштита на слободата на изразување и правата на новинарите во Северна Македонија

Општа јавност – со зајакнувањето на улогата на новинарите и вложувањето напори за создавање услови за професионална работа на медиумите, ЗНМ креира можности луѓето да си ги остварат своите права на добивање точни информации и да учествуваат во процесите на донесување одлуки.

ШТО ПОСТИГНАВМЕ ЗАЕДНО?

1. СОЛИДАРНОСТ

Претстојните избори во ЗНМ ќе бидат четврти од овој вид, откако ЗНМ за прв пат пред дванаесет години на слободни и демократски избори го избра тогашното раководство на Здружението. Тоа беше овозможено откако, претходно беа направени клучни измени на Статутот и правилниците за работа, со кои се напушти дотогашниот делегатски изборен модел и се воведоа слободни избори за избор на раководните органи на ЗНМ.

На претстојните избори на ЗНМ ќе се бираат членови на Управниот и Надзорниот одбор, членови на Советот на честа како и нов претседател на Здружението. Оваа година ЗНМ успеа да го задржи бројот на членовите на над 600 активни членови. Членовите ја препознаа искрената намера на Здружението да се бори за слободата на говорот, слободата на медиумите, безбедноста на новинарите како и подобрување на законската легислатива која ја регулира нивната работа.

Важно е да се напомене дека изворниот легитимитет од членството и постојаната поддршка од нив, никој од нас, па и оние кои раководеа со ЗНМ во изминатите четири години, немаше да успееме да го сочуваме, зајакнеме и развиеме организацијата во силно здружение, кое бескомпромисно ги застапува интересите на новинарите и на професијата.

Во последните години ЗНМ прерасна во една од најпрепознатливите организации во земјава, а тоа пред се се должи на упорноста, нескршливоста и силната поддршка од членовите и управните органи. Здружението на новинарите на Македонија сега го препознаваат, локално но и меѓународно, како вистински промотор на слободата на изразувањето и професионалното новинарство. Тоа е насоката која ова раководство на ЗНМ ја зазема, а колегите, партнерите и меѓународната заедница силно ги поддржаа.

- ЗНМ УСПЕШНА ПРИКАЗНА

Водејќи се по најновите демократски практики, последни светски трендови и глобални иницијативи Здружението трпеливо и макотрпно ја изгради својата позиција застапувајќи ги силно интересите на новинарите и штитејќи ја безусловно слободата на говорот ЗНМ претставува водечка организација, која ја диктира агендата за новинарските прашања и слободата на говорот.

Главниот фокус на ЗНМ последните години беше борбата против политиката на неказнивост на насилството на новинари, градењето на капацитетите на новинарите и медиумските работници и унапредување на солидарноста помеѓу новинарите и медиумските работници, силна поддршка на концептот на секциите при ЗНМ како и промоција на саморегулацијата како единствен начин за зајакнувањето на примената на професионалните стандарди од страна на медиумите.

Во изминатата година ЗНМ организираше јавни дебати (2), тркалезни маси (2), работилници (5) и обуки (5), изложби (2), исто така објави публикации (5), годишни извештаи за слободата на изразување на три јазици како и индекс за безбедноста на новинарите но и останати анализи, новинарски текстови на специфични теми итн.

За сите овие настани членството редовно беше информирано по електронска пошта, преку веб страната на ЗНМ и социјалните медиуми. Сите овие активности и напори придонесоа за неспорни резултати.

- **БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ**

Иако бројот на вербални и физички закани е помал споредбено со периодот од пред неколку години, загрижува фактот што новинарите и медиумските професионалци се сè почесто предмет на закани и малтретирања на социјалните мрежи, а исто така дел беа и сериозни закани по физичката безбедност на помала група на медиумски работници. Во последнава година ЗНМ има регистрирано 7 напади кон новинари и медиумски работници во својот регистар. Од овие седум напади, три се физички кон новинар и снимател, но само еден од овие има судска разрешница (случајот со Невриј Адеми), останатите се сеуште во некоја фаза на истрага.

За потребите на следењето на вербалните и физичките напади врз новинарите, ЗНМ води детален и прегледен регистар на сите пријавени или детектирани случаи од 2014 г. до денес, достапен и на сајтот на Здружението во делот за објавени документи.

ЗНМ презема и низа активности за алармирање на домашната и меѓународната владина и граѓанска заедница кога има појава на насилствата против новинарите во земјава, меѓу другото, со дневни реакции, соопштенија, прес-конференции и јавни настапи посветени на темата на нарушување на безбедноста, заканите и притисоците врз новинарите.

Активностите на ЗНМ во соработката со меѓународната заедница којашто ги следи настаните и трендовите во областа на гушењето на медиумските и новинарските слободи,, и на владино и на мултилатерално и на граѓанско ниво, во значајна мерка придонесоа за фактичко и аналитичко дијагностицирање на состојбите во државата. Тоа се преслика во редовните извештаи на разни меѓународни и национални организации вклучувајќи ги и годишните извештаи за Македонија на Европската комисија како и извештаите за човекови права на Стејт Департментот.

Сериозен резултат во борбата против говорот на омраза на интеренет но и неказнивоста на насилството врз новинари е првата судска пресуда со условна казна затвор за коментар со омраза напишан на фејсбук-страницата на ЗНМ во декември 2021 година.

- **ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ**

Изминативе години покрај заканите, насилствата и нападите врз новинарите, она што ја еродира независноста и слободата на новинарите најчесто е поврзано со финансирањето на медиумите, односно проблематичниот медиумски пазар во државава. Пазарот е мал, недоволно атрактивен и не остава простор за развој на независно новинарство, туку за новинарство кое зависи од политички или бизнис центри на моќ. ЗНМ како конструктивен партнер изминативе години инсистира на создавање на **Фонд за слободни медиуми**, преку кој ќе се поддржуваат проекти од јавен интерес, за новинарски продукти, преку кој ќе се овозможи финансирање проекти за истражувачко, аналитичко новинарство, за документарна, образовна, едукативна содржина. Со вакво решение би се помогнало пред се новинарството, а ќе се влијае и на подобрување на примањата на новинарите и медиумските работници.

- **СОЛИДАРНОСТА И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СЕКЦИИТЕ ПРИ ЗНМ**

Во текот на изминатата година ЗНМ имаше реализирано повеќе активности со секциите кои се активен дел од работата на здружението. Како една од најактивните изминатиот период, Секцијата на снимателиси, сигурно се стреми да ја оствари својата цел, односно заеднички да ги унапредува условите за работа на снимателите, како и подобрување на соработката на снимателите со институциите. Беа реализирани повеќе работилници, настани во Скопје но и во регионалните центри на ЗНМ каде можеа да се истакнат предизвиците и на новинарите и на снимателите како и изложба на фотографии кои сведочат за работата на снимателите низ времето и се дава признание за нивната работа.

Активности беа реализирани и со Секцијата на млади новинари при ЗНМ која како нова секција беше формирана на крајот од 2021 година. Во рамките на активностите изминатата година со конструктивна дебата се поставија контурите на стратешкиот план во кој јасно се прифатени приоритетите и целите на оваа секција за периодот кој следи. Во нацрт стратешкиот план на

секцијата на млади новинари предвидено е членовите да го афирмираат новинарството како атрактивна професија, од причина што денес има се помалку интерес за истата и многу редакции се соочуваат со сериозен проблем да најдат новинари. Со активното работење на оваа секција ќе се придонесе кон градење на поголема солидарност во новинарската професија и на дополнително надградување на знаењата како професионалци во секторот.

Во јули 2022 година, со учество на повеќе од 20 млади новинари, четири обучувачи и тројца тренери, ЗНМ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, одржаа летен камп за млади новинари во Охрид. Целта на обуката бешее преку дружење и размена на искуства и вештини да се придонесе кон градење на капацитетите и унапредување на професионалните стандарди на младите новинари во редакциите. Клучен акцент беше даден и на подобрувањето на соработката на младите новинари со своите поискусни колеги во редакциите, како и потребата од континуирано новинарско формално и неформално образование.

Кон крајот на годинава конструктивна средба беше одржана со секцијата на фоторепортери. На средбата фоторепортерите истакнаа дека се соочуваат со повеќе предизвици и сугерираа дека е потребен институционален пристап за подобрување на условите и практичен притисок во контекст

на интензивни средби со одговорните лица кои ги планираат и организираат настаните во име на јавните институции.

Фоторепортерите ја истакнаа потребата од дополнителна промоција на правата на фоторепортерите и фактот дека нивниот авторски труд треба да се почитува и цени како од страна на медиумите така и од страна на институциите.

- **ПРОМЕДИА – РЕГИСТАРОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ОНЛАЈН МЕДИУМИ**

Здружението на новинарите на Македонија останува водечка и најголема национална организација за професионално обединување на новинарите и медиумските работници во државата. Во насока на зајакнување на саморегулацијата во медиумите, како и со цел подигање на нивото на професионализација и стандардите во онлајн-новинарството, ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) продолжија со промоција на Регистарот на онлајн-медиуми, кој беше воспоставен во декември 2019 година и кој беше поздравен од Европската федерација на новинари (EFJ), Канцеларијата на ОБСЕ во Виена, Американската амбасада во Скопје и посочен во Извештајот на Европската комисија како добра пракса. Како информација споредбено изминативе години бројот на регистрирани членови во Регистарот на професионални онлајн-медиуми во 2020 година беше 138, а на крајот на 2021 година се зголеми на вкупно 152 членови. Поттикнати од СЕММ и ЗНМ членките на ПРОМЕДИА моментално работат на прочистување на списокот и ажурирање на членовите на регистарот.

PROMEDIA

Професионални онлајн медиуми

2. РЕЗУЛТАТИ

Здружението на новинарите на Македонија во текот на изминатата година успеа да постигне добри резултати.

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Здружението на новинарите на Македонија во јули 2022 година, реализираше летен камп за млади новинари. Целта на овој настан беше преку дружење и размена на искуства и вештини да придонесе кон градење на капацитетите и унапредување на професионалните стандарди на младите новинари во редакциите. Подобрувањето на соработката на младите новинари со своите поискусни колеги во редакциите како и потребата од континуирано новинарско формално и неформално образование.

Во рамките на активностите кои се предвидени во работниот дел на летниот камп, покрај едукативни презентации водени од искусни тренери, интерактивни работилници и работа во групи преку неформални средби и заеднички дружби ќе се разменат и практични искуства помеѓу предавачите и учесниците.

ЗНМ со години наназад постојано работи на кампањи за кревање на свеста за состојбата на новинарите и медиумските работници каде што акцентот е ставен безбедноста на новинарите како и на проблемот со неказнивост на напаѓачите. Токму заради овие причини, една од препораките на ЗНМ до ОЈО Скопје беше формирање на посебно одделение со цел да се зголеми безбедноста на новинарите. Сето ова е во согласност со препораките на Совет на Европа со крајна цел – да се иницираат системски промени за подобрување на моменталната состојба.

Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје Гаврил Бубевски во октомври 2022 ја назначи **Искра Хаџи Василева** јавната обвинителка од истата институција како лице за контакт во врска со предметите поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на Основното јавно обвинителство Скопје. Во иднина ОЈО Скопје и останатите јавни обвинителства ќе даваат приоритет во постапувањето по предметите поврзани со безбедноста на новинарите и ќе продолжат во оваа насока да ја унапредуваат соработката со новинарските здруженија, со цел да се санкционира секое кривично-правно загрозување на слободата на изразување.

ЗНМ последниве неколку години активно учествуваше во процесот на изменување и дополнување на **Законот за граѓанска одговорност од навреда и клевета** како и на **Кривичниот законик.** На наше задоволство, конечно се случи најавеното усвојување на измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда и на измените и дополнувањата на Кривичниот закон, во поглед на поголема заштита на новинарите и медиумските работници,

Парламентот сеуште не ги спроведе најавените активности за избор и именување на раководните одлучувачки тела во МРТ и во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), и покрај јавно упатените барања од страна на еснафските здруженија. Тие уште на почетокот на 2021, јавно побараа изборот и именувањето на овие тела да бидат изгласани со двотретинско наместо со просто мнозинство во Собранието.

Во ноември 2022 година, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Македонската радио телевизија (МРТ) потпишаа Меморандум за соработка кој претставува заедничка согласност за реализација на заеднички активности во рамките на годишните планови за работа согласно стратешките цели.

ЗНМ и МРТ по завршување на заедничката обука за новинари и медиумски работници која се одржа во септември месец, утврдија дека постои простор за соработка во насока на унапредување на капацитетите на новинарите во јавниот сервис, нивно вмрежување и зацврстување на меѓусебната соработка.

Преку **Советот на честа при ЗНМ** се трудевме да воспоставиме професионални стандарди, кои ќе ги почитуваат и новинарите и медиумите во Македонија. Советот на честа е саморегулаторно тело на новинарите во државава. Неговата основна задача е да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство наведени во Кодексот на новинарите на Македонија. Со запазувањето, почитувањето и промовирањето на Кодексот се подобрува кредибилитетот на медиумите во јавноста и тие се доживуваат не само како слободни туку и како одговорни. Во исто време, почитувањето на Кодексот го штити и самиот новинар – бидејќи му дава право да не прифати нешто што не е во согласност со професионалните стандарди и воедно го иззема од судот на другите оставајќи го на судот на колегите. Секој граѓанин може да достави претставка до Советот на честа ако се сомнева дека некој новинар во неговото известување ги прекршува професионалните стандарди и етика. Советот на честа има обврска да ја разгледа претставката и да утврди дали новинарот известувал согласно со Кодексот на новинари. Во текот на изминатава година до Советот на честа при ЗНМ беа поднесени три претставки за кои е постапено и одговорите се јавно објавени на веб сајтот на ЗНМ.

Претставниците на Здружението изминатава година имаа бројни активности во насока на лобирање и застапување. Бројни состаноци беа реализирани со домашните политички претставници, но и со претставници на странските амбасади и меѓународни организации, а се со цел да се подобри безбедноста на новинарите и слободата на медиумите. Практично, ЗНМ се наметна како клучен фактор, кој не може да се заобиколи кога се разговара за новинарските работи.

- **ЗДРАВИ ОДНОСИ СО МЕЃУНАРОДНИОТ ФАКТОР**

Поддршката која Здружението на новинарите на Македонија ја добива од меѓународниот фактор секогаш играла клучна улога во нашите напори за подобрување на медиумските слободи во Македонија. Затоа, целиот овој период се трудевме да изградиме и да ги одржиме партнерските односи со сите релевантни претставници на меѓународната заедница во државата. Заеднички реализиравме многу проекти, објавивме голем број на публикации, работевме за подигнување на

професионалните капацитети на новинарите, но и на вработените во ЗНМ, а беа организирани и бројни дебати со цел да се дојде до квалитетни решенија за проблемите кои ги засегаат новинари во Македонија на максимално инклузивен начин.

Најголема поддршка и отворени врати за соработка имавме со Делегацијата на Европската унија, Американската амбасада, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Фондацијата Конрад Аденауер како и со неколку земји членки на ЕУ како што се: Шведска, Германија, Франција, Холандија, Белгија, Велика Британија и други. Заедничкиот јазик со сите овие поддржувачи го наоѓавме во демократските вредности за кои секогаш заеднички се залагаме.

Односот кој го изградивме со нив е пред се заснован на меѓусебна доверба и помош секогаш кога било тоа потребно. Она што Здружението го овозможува на меѓународната заедница се прецизни податоци за нападите врз новинарите, анализи на медиумската легислатива како и можни решенија за подобрување на медиумските слободи.

- **МЕДИУМСКИ ЗАКОНИ**

Барањата на Здружението на новинарите на Македонија во поглед на медиумската легислатива се исти во последните неколку години. ЗНМ во последниве години инсистира на изгласување на измените на легислативата во делот на измените и дополнувањата на Кривичниот законик во две насоки:

1) Измена и дополнување на одредбите со кои се дефинира говорот на омраза во согласност со праксата на ЕСЧП, и

2) Измена и дополнување во делот на овластувањата на ОЈО за постапување по службена должност при напад на новинар и/или медиумски работник, како и предвидување повисоки казни за престапниците, како и изгласување и усвојување на измените и дополнувањата во Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда во кој е намалена нематеријалната штета за новинарите.

Иако во 2020 година, ЗНМ беше вклучено и консултирано при изработката на измените на овие два закона, сепак, негова суштинска забелешка е дека процесот на измени на овие закони беше бавен и без утврдена временска рамка за усвојување и за имплементација. Најавеното усвојување на измените на ЗГОНК и на измените и дополнувањата на Кривичниот закон, во поглед на поголема заштита на новинарите и медиумските работници, конечно се случи во текот на месец ноември 2022 година.

3. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА ЗНМ

Официјалната веб страна на ЗНМ, на која се објавуваат сите информации поврзани со работата на Здружението редовно се ажурира и сите информации се достапни се на три јазици и тоа на македонски, албански и англиски.

ЗНМ има активни профили и на социјалните мрежи (Facebook со 4.152 следачи / Twitter со 1832 следачи / Instagram со 429 следачи / Linkedin со 32 следачи) кои редовно се ажурирани и кои ги следат илјадници граѓани. ЗНМ располага со наменски софтвер за членство, кој редовно се ажурира и преку кој по електронски пат редовно се информираат членовите за сите новости.

Организирани се повеќе **консултативни средби** во Клубот на новинари со членството и претставници од партнерските организации и исто така спроведени се чести дебати по регионалните центри преку кои се одржува контактот со членството кое е активно на територијата на државава.

На иницијатива на ЗНМ, формиран е **Новинарскиот форум** во кој членуваат четириесетина истакнати уредници и новинари како советодавно тело на ЗНМ. Сите средби се документирани со записници од кои се произлезени конкретни заклучоци кои придонесоа за поуспешна работа на Управниот одбор на ЗНМ.

Како што е предвидено во статутот, ЗНМ на дента кога го одбележува своето формирање (17 февруари) доделува и **годишни, новинарски награди**. Наградата за животно дело „Крсте Петков Мисирков“ и наградата за истражувачко новинарство „Јашар Еребара“.

Претставници на раководството на ЗНМ се присутни на сите статутарни настани (годишни состаноци и (не) изборни собранија на Европската федерација на новинари и Меѓународната федерација на новинари. Освен тоа, ЗНМ е присутно и на сите регионални медиумски настани, без разлика дали тие се организирани од меѓународни политички или граѓански организации.

Здружението на новинарите на Македонија редовно одржува обуки за новинарите со цел да се достигне поголема професионализација. Покрај тоа, ЗНМ успеа да воспостави соработка со Министерството за внатрешни работи со кое беше потпишан Меморандум за соработка. Во рамки на таа соработка беа организирани повеќе обуки изминатава година каде беа присутни припадници на полицијата со цел да се запознаат и да ја подобрат соработката меѓу полицијата и новинарите.

ЗНМ има свој претставник во Советот на Агенцијата за аудио и аудио медиумски услуги како и во Програмскиот совет на МРТ. Освен тоа, ЗНМ е со свој претставник и во Националниот комитет за евроинтеграции при Собранието на РМ.

Извршната канцеларија на ЗНМ денеска има 6 вработени и е постојано отворена во работни денови и секој член има можност да добие информации поврзани со работата на здружението.

ЗНМ се труди постојано да обезбеди **бенефиции за членството** и ги објавува редовно на веб страната.

- **СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ И ЛОКАЛНИ ПАРТНЕРИ**

Раководството на ЗНМ смета дека воспоставување на партнерски однос е од суштинско значење за остварување на целите и мисијата на ЗНМ и затоа има принципиелен став да соработува со сите домашни и меѓународни граѓански организации кои ги споделуваат истите цели.

Во тие рамки ЗНМ соработува со повеќе домашни организации и тоа со Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Македонскиот институт на медиуми (МИМ), Гете Институтот во Скопје, Центарот за развој на медиуми (МДЦ), Коалиција за правично судење, Центарот за економски анализи и со други

организации. Исто така ЗНМ остварува и директна соработка со два државни универзитети со катедрите за новинарство како и со факултетот за безбедност.

Во меѓународни рамки, ЗНМ соработува со Меѓународната и Европската федерација на новинари (IFJ / EFJ), Helsinki Committee Netherlands, Freedom House, Free Press Unlimited, Index on Censorship, International Press Institute, Global Forum for MediaDevelopment, Media Diversity Institute, Open Society Media Program и други.

Од регионот Здружението на новинарите на Македонија соработува со новинарски организации од Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска со кои заеднички соработува за креирање на систем за рано предупредување за напади врз новинари. Проектот на кој веќе седма година соработуваме се вика: „Регионална платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите“, во чии рамки функционира веб страницата www.safejournalists.net. Оваа соработка е многу значајна бидејќи честопати соседните земји се соочуваат со слични проблеми и предизвици кога се во прашање медиумите и затоа искуствата од другите здруженија се драгоцени во справување со нив.

ЗНМ и понатаму обезбедува бесплатна правна помош за своите членови во случај на судски спор за делата клевета и навреда но и за кривични тужби упатени кон новинари и медиумски работници. Оваа година граѓанските постапки кон новинари за клевета за жал се дупло зголемени и се над 50 а исто така има и неколку кривични тужби кон новинари од страна на пратеници или носители на јавни функции.

Воспоставена е редовна комуникација со Меѓународната федерација на новинари и членовите на ЗНМ ја користат привилегијата да извадат IFJ PRESS Card.

Организирани се повеќе консултативни средби со претставници од меѓународните организации како и со странските амбасади. Раководството на ЗНМ изминатава година оствари работни средби со високата претставничка на ОБСЕ за слобода на медиумите г-ѓа Тереза Рибеиро каде и беше укажано дека иако атмосферата во медиумскиот сектор е генерално подобрена сепак и после шест

години отсуствуваат суштински медиумски реформи. Исто така во текот на изминатава година беше остварена средба со шефот на Делегацијата на ЕУ во државата, амбасадорот Дејвид Гир.

ЗНМ има и редовни средби со амбасадори на повеќе европски земји и САД, мисијата на ОБСЕ во Скопје, директорите на локалните странски фондации, новинари странски дописници и други.